Комерцијална банка

**Коментар на неконсолидирани и неревидирани**
**Биланс на успех и Биланс на состојба**
**на Комерцијална банка АД Скопје**
**за периодот 01.01 - 31.03.2023 година**

## 1. Биланс на успех

Во периодот од 01.01-31.03.2023 година Банката од своето работење оствари ***позитивен финансиски резултат*** во износ од 1.039,7 милиони денари наспроти остварениот ***позитивен финансиски резултат*** во истиот период минатата година во износ од 522,6 милиони денари што претставува зголемување за 98,9 %. Планираната бруто-добивка за првиот квартал од годинава е остварена со 136,4 %. Притоа, остварената добивка пред исправка на вредност, која претставува показател за оперативната способност на Банката да ги покрива расходите од работењето, е за 67,9% поголема во однос на истиот период минатата година. Зголемувањето на добивката пред исправка на вредност главно произлегува од зголемувањето на приходите од редовно работење, односно од нето-приходите од камати кои бележат значително зголемување што се должи на континуираниот пораст на основната каматна стапка на Народната банка и на каматните стапки на странските финансиски пазари, во комбинација со структурата на активата на Банката. Зголемувањето на каматните стапки е резултат на напорите за намалување на инфлацијата на светско ниво. Позитивниот резултат од работењето Банката го оствари во услови на зголемена неизвесност на пазарите, сѐуште висока инфлација која забележа мало забавување, како и натамошно затегнување на монетарната политика.

**Вкупните приходи од работењето** изнесуваат 1.580,3 милиони денари и бележат зголемување од 40,6 % во однос на истиот период од минатата година.

**Нето-приходите од камата** претставуваат основна компонента во формирањето на вкупните приходи од работењето и на 31.03.2023 година истите бележат зголемување од 82,6 % во однос на истиот период од минатата година. Притоа, треба да се укаже дека заради затегнувањето на монетарната политика и зголемените каматни стапки, остварен е пораст и на приходите од камати на кредитите дадени на правните лица и населението, но тој пораст е значително, дури неколкукратно помал од порастот на приходите од камати кај нерезидентите, кај финансиските друштва, па и кај државата. На пример, зголемувањето на каматните приходи остварени кај финансиските друштва, каде доминираат пласманите во благајнички записи и депозитите во НБРСМ, се единаесеткратно поголеми, а кај нерезидентите, каде доминираат пласманите во странски банки се и над четиринаесеткратно поголеми од приходите остварени во истиот период минатата година. Тоа е затоа што во првиот квартал од минатата година каматната стапка Euribor беше околу 0 % или негативна, а оваа година достигна околу 3,5 % - 4 %. Кај благајничките записи, каматите се зголемија од 1,25 % на најновите 5,50%, а на државните записи од 0,40 % на 3,70 %, или 5,25 % кај двегодишните државни обврзници, па сѐ до 7,14 % кај последната еврообврзница. Исто така, просечната пондерирана каматна стапка на депозитите во странска валута, споредено со истиот период минатата година, е зголемена од 0,25 % на 4,39 %, додека просечната пондерирана каматна стапка на пласманите во НБРСМ од 0,31 % на 3,63 %. Токму затоа, во билансот на Банката, за прв пат приходите од камати кај финансиските друштва и нерезидентите збирно, се значително поголеми од приходите од каматите кај населението. Или пак, збирните приходи од каматите кај финансиските друштва, нерезидентите и државата се значително поголеми од приходите од камати кај правните лица. Банката ги оствари овие резултати благодарение на структурата на активата, во која над 55 % од пласманите се во парични средства, парични еквиваленти и пласмани во хартии од вредност, што влијаеше на одржување на висока ликвидност и профитабилност од каматни приходи. Како резултат на ваквите движења, нето-каматната маржа на ниво на Банката се зголеми од 1,9 % во првиот квартал од минатата година, на 3,3 % во истиот период од оваа година.

Комерцијална банка

**Нето приходите од провизии и надоместоци** на 31.03.2023 година изнесуваат 267,9 милиони денари и во однос на истиот период од минатата година бележат зголемување од 6,8 % како резултат на зголемен обем на активности кој продолжува од минатата година. Планот за анализираниот период е остварен со 89,2 %.

**Нето приходите од курсни разлики** на 31.03.2023 година изнесуваат 96,7 милиони денари и бележат зголемување од 68,8 %, во најголем дел како резултат на зголемениот промет на девизен пазар со правни лица, како и по основ на методолошка промена на евидентирањето на приходите од девизно работење почнувајќи од 01.01.2023 година. Планот за анализираниот период е остварен со 159,2 %.

**Останатите приходи од работењето на Банката** на 31.03.2023 година изнесуваат 66,6 милиони денари и бележат намалување од 64,4 % во најголем дел како резултат на помалиот износ на наплатени претходно отпишани побарувања, како и поради извршена измена на евидентирањето на приходите од девизно работење, кои од 01.01.2023 година се евидентираат во позицијата курсни разлики. Планот е остварен со 40,6 %.

**Оперативните расходи** за периодот 01.01-31.03.2023 година изнесуваат 485 милиони денари и во однос на истиот период од минатата година се зголемени за 2,9 % како резултат на зголемен износ на плати и други трошоци на вработените поради зголемување на вредноста на бодот кон крајот на 2022 година, како и зголемената амортизација. Планот е остварен со 92,8 %.

Во периодот од 01.01-31.03.2023 година, Банката прокнижи **загуба поради оштетување на нефинансиските средства на нето основа** во износ од 1 милион денари, во согласност со регулативата од НБРСМ.

Во извештајниот период Банката прокнижи **исправка на вредност на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансни изложености на нето основа** во износ од 54,6 милиони денари, наспроти 128,8 милиони денари во истиот период минатата година.

## 2. Биланс на состојба

**Вкупната актива** на Банката на 31.03.2023 година достигна износ од 152.815,1 милиони денари и во однос на декември 2022 година бележи зголемување од 1,2 %. Зголемувањето на вкупната актива во најголем дел се должи на зголемувањето кај вложувањата во хартии од вредност, а во помал дел и поради зголемените кредити на и побарувања од банки и зголемените кредити на и побарувања од други комитенти. Планот е остварен со 100,1 %.

**Паричните средства и паричните еквиваленти** бележат намалување од 9,6 %, во најголем дел заради намалената состојба на пласираните депозити преку ноќ во НБРСМ, намалувањето кај орочените депозити во странски банки до 3 месеци (како резултат на достасани депозити во валута УСД и нивно орочување на подолги рокови), како и намалувањето кај девизните тековни сметки во странски банки поради пренасочување на средствата во вложување во хартии од вредност. Планот е остварен со 89,4 %.

**Средствата за тргување** бележат зголемување од 3,1 % како резултат на купени акции.

**Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање** во износ од 357,8 милиони денари се состојат од вложувања во удели во инвестициски фондови.

**Кредитите на и побарувањата од банки** бележат зголемување од 209,7 %, кое се должи главно на зголемените девизни депозити од 3 месеци до 1 година во валута УСД. Планот е исполнет со 308,6 %.

**Кредитите на и побарувањата од други комитенти** бележат зголемување од 0,7 % како резултат на зголемено кредитирање, пред сè на секторот домаќинства. Планот е остварен со 99,6 %.

**Вложувањата во хартии од вредност** се зголемени за 21,1 % главно како резултат на запишани континуирани државни обврзници во денари, запишани државни записи и купени македонски еврообврзници. Планот е остварен со 119,3 %.

**Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања** се зголемени за 58,6% и имаат минимално учество во вкупната актива.

**Вкупните депозити (депозити на комитенти и депозити на банки)** достигнаа износ од 134.074,6 милиони денари и бележат зголемување од 0,4 %. Планот е остварен со 99,5%.

**Обврските по кредити** изнесуваат 678,3 милиони денари и се намалени во однос на декември 2022 година за 2,8 %, како резултат на нето-ефектот од нови повлекувања и отплатени доспеани рати од кредитните линии. Планот е остварен со 103,7 %.

**Акционерскиот капитал и резервите на Банката** со состојба 31.03.2023 година достигнаа износ од 15.462,4 милиони денари. Во нивната структура, останатите резерви бележат пораст од 8,6 %, додека задржаната добивка е намалена, согласно Одлука за распределба на добивката за 2022 година, донесена од Собранието на акционери на 29.03.2023 година. Планот е реализиран со 96,5 %.

## 3. Очекувања за претстојниот период

Макроекономските услови во кои Банката ја остварува својата активност во текот на 2023 година се условени од продолжените геополитички тензии од воената инвазија на Русија врз Украина, можното продлабочување на енергетската криза, бавното постпандемично закрепнување, како и домашните политички случувања. Ваквиот амбиент делува неповолно врз изгледите за раст на домашната економија.

Високото ниво на неизвесност во домашната економија и на меѓународен план упатуваат на потребата од поконзервативен пристап во обликувањето на очекувањата за 2023 година, при што се земени предвид проекциите објавени од Министерството за финансии, Народната банка на Република Северна Македонија, Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка.

Во услови на исклучително голема променливост на претпоставките и висока неизвесност, се очекува стапката на раст на БДП да изнесува 2,6 % за 2023 година, иако најновите прогнози на ММФ предвидуваат уште поскромна стапка на раст од 1,4 %, поддржана од домашните фактори поврзани со најавените инфраструктурни инвестиции и инвестициите за проширување на капацитетите кај дел од извозниот сектор.

Макроекономската стабилност во 2023 година се очекува да биде одржана преку одржување на ценовната стабилност и стабилноста на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото. Се очекува мерките за субвенционирање на цената на електричната енергија за прехранбената индустрија од страна на државата и замрзнувањето на цените на одредени производи да влијаат врз движењето на инфлацијата, такашто истата ќе изнесува од 8% до 9%. Банките ќе ги следат сигналите на Народната банка во однос на монетарната политика и соодветно ќе ги коригираат каматните стапки на депозитите и кредитите.

Комерцијална банка ќе ги презема сите неопходни активности за прилагодување кон новонастанатите состојби, при што и во следниот период ќе биде фокусирана пред сè на одржување на квалитетот на портфолиото и изнаоѓање флексибилни решенија на барањата на клиентите, ефикасно управување со трошоците, натамошна дигитализација на процесите и модернизација на деловната мрежа, прилагодување на деловните процеси во согласност со барањата на новиот Закон за платежни услуги и платни системи, унапредување на доброто корпоративно управување и на практиките за одржлив развој и сл.

4. **Известување за промени во сметководствените политики и методи на вреднување.**

Во текот на првиот квартал од 2023 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување.

5. **Исплатени дивиденди**

Во извештајниот период Банката објави повик за учество на Годишно собрание на акционери. На 29.03.2023 година беше одржано годишно собрание на акционери на Банката. Составен дел на материјалите за собранието беа и Одлуката за употреба и распределување на нераспределената добивка до 31.12.2022 година и Одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2022 година. Согласно наведените одлуки, износот кој Банката ќе го издвои за дивиденда за обични акции е 1.139.533.500 денари. Датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда е 18.04.2023 година. Согласно Одлуката, износот на бруто-дивидендата по една акција е 500 денари, односно 50 % од номиналната вредност на акцијата. Предвиден датум за започнување со исплата на дивидендата е 04.05.2023 година.

6. **Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)**

Со состојба на 31.03.2023 година, недвижностите и опремата бележат намалување од 0,2 % во однос на декември 2022 година, главно како резултат на пресметана амортизација.

7. **Промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемување поголеми од 30%)**

Со состојба на 31.03.2023 година, обврските по кредити бележат намалување од 2,8 % во однос на декември 2022 година, главно како резултат на повисокиот износ на редовна отплата на обврските по кредити во однос на износот на новите повлекувања по договорите за кредит.

Скопје, 26.04.2023 година